**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1155**

**Скопје, 16 октомври 2017 година**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): ИСТОРИЈА НА РОДОТ И ПОЛОТ, ЕТИКА, СОЦИЈАЛНА АНТРОПОЛОГИЈА И КУЛТУРНА АНТРОПОЛОГИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата II редовна седница одржана на 12. X 2017 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник (во сите наставно-научни звања) за научните области (дисциплини): историја на родот и полот, етика, социјална антропологија и културна антропологија.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Денко Скаловски, проф. д-р Владимир Давчев и проф. д-р Антоанела Петковска, по увидот во доставениот материјал, до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, има чест да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на еден наставник (во сите наставно-научни звања) за научните области (дисциплини): историја на родот и полот, етика, Социјална антропологија и културна антропологија, објавен во весникот „Нова Македонија" од 3 октомври 2017 година, се пријави единствено кандидатката д-р Сузана Симоновска, редовна професорка на Институтот за родови студии при Филозофскиот факултет во Скопје.

## 1. Биографски податоци и професионален развој

Проф. д-р Сузана Симоновска е родена на 18.6.1963 година во Скопје, каде што ги завршила основното и средното образование. Школувањето го продолжила на Филозофскиот факултет во Скопје на ННСГ за филозофија и дипломирала во јуни 1987 година со просечен успех 9,58. По дипломирањето се запишала на постдипломските студии по филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје и во април 1994 година го одбранила магистерскиот труд под наслов „Филозофските погледи на Митко Илиевски". Докторската дисертација под наслов „Техничките можности и духот" ја одбранила во јули 2002 година, исто

така на Филозофскиот факултет во Скопје, и се здобила со звањето доктор по филозофски науки.

Своето работно искуство проф. д-р Сузана Симоновска го започнала во февруари 1988 година на Филозофски факултет во Скопје при тогашниот Институт за марксизам, како помлад асистент по предметот Основи на марксизмот. Во 1991 година е избрана во звањето помлад асистент по предметот Филозофија на техниката на Катедрата за хуманистички студии, а во 1995 година е избрана во звањето асистент по предметите: Филозофија на техниката и Антропологија. Во 1998 и во 2001 година е преизбрана во звањето асистент по истите предмети.

Во февруари 2003 година, д-р Сузана Симоновска е избрана во наставно-научното звање доцент по предметите: филозофија на техниката и антропологија на катедрата за хуманистички студии. Во наставно-научното звање вонреден професор е избрана во декември 2007 година на Катедрата за хуманистички студии, за научните области (дисциплини): филозофија на техниката, културна антропологија, етика и социјална антропологија.

Како вонреден професор, д-р Сузана Симоновска реализирала предавања и вежби на Филозофскиот факултет (на институтите за социјална работа и политика, филозофија и дефектологија), на Шумарскиот и на Филолошкиот факултет во Скопје. Од 2008 година реализира настава и на Институт за родови студии, отворен при Филозофскиот факултет во Скопје, по предметите: Антропологија на жената, Историја на родот и полот во 20 век, Феминистичка филозофија на моралот, Репродуктивни технологии-морални импликации и Жената во масовната култура.

Проф. д-р Сузана Симоновска учествувала и во проектот за основање на Институтот за родови студии, како член на тимот за подготовка на елаборатот за изработка на новата студиска програма.

Во октомври 2012 година, д-р Сузана Симоновска е избрана во звањето редовен професор на Институтот за родови студии, за научните области (дисциплини): историја на родот и полот, социјална антропологија, етика и филозофија на техниката.

Од изборот во звањето редовен професор, д-р Сузана Симоновска, освен на Институтот за родови студии, реализира настава и на институтите за социјална работа и политика, дефектологија и семејни студии. На Шумарскиот факултет во Скопје реализирала настава заклучно со учебната 2013/2014 година, а од летниот семестар во учебната 2014/2015, одржува настава и на Правниот факултет „„Јустинијан први" во Скопје, на студиите за новинарство и односи со јавноста.

Проф. д-р Сузана Симоновска е вклучена и во реализацијата на наставата на вториот циклус студии на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за социјална работа и политика и на интеркултурните студии. Од 2014 година реализира настава на вториот циклус студии по новинарство и односите со јавноста на Правниот факултет „„Јустинијан први" во Скопје, а од 2015 година реализира настава и на докторските студии по општествени науки од полето на социјалната работа и социјалната политика на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во доменот на научната дејност, проф. д-р Сузана Симоновска се пројавила како авторка на бројни научни и стручни трудови, меѓу кои ги

истакнуваме книгите: *Митко Илиевски - филозофски профил* (1995) и *Духовноста во ерата на техниката* (2008). Заедно со проф. д-р Слободанка Марковска, Симоновска е коуредник на хрестоматијата *Антропологија - зборник текстови* (1999). Исто така, проф. Симоновска, со проф. д-р Денко Скаловски, е коавтор на учебното помагало *Етиката и родот* (2012). Таа се јавува како коавтор и на две монографии: *Застапеност на наставни содржини за религијата во одделни општествено хуманистички предмети во основното и средното образование (реформирано гимназиско и средно стручно образование)*, 2007 и *Родовата практика на универзитетите во РМ: вклученост/исклученост на жените во телата и процесите на донесување одлуки*, 2011.

Проф. д-р Сузана Симоновска е авторка и коавторка и на повеќе трудови и прикази на книги објавени во национални и меѓународни научно-стручни списанија и зборници на трудови. Таа се јавува и како рецензентка на универзитески учебници и на трудови објавени во Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје.

Проф. д-р Сузана Симоновска посетува повеќе обуки и работилници, учествува во национални и меѓународни научни проекти, а исто така зема активно учество на национални и меѓународни научно-стручни собири и јавни трибини. Исто така, треба да се одбележи и нејзиниот придонес во работата на наставно-научните тела на Филозофскиот факултет. Во повеќе мандати била член на Комисијата за научноистражувачка работа, координаторка на ЕКТС на Институтот за родови студии при Филозофскиот факултет, а во периодот од 2011 до 2015 година била потпретседателка на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филозофскиот факутет. Во 2013 година учествувала и во проектот за основање на Институтот за семејни студии при Филозофскиот факултет, како член на тимот за подготовка на елаборатот за изработка на новата студиската програма.

## 2. Наставно-образовна дејност

Во изминатиов период, од изборот во звањето редовен професор при Институтот за родови студии, д-р Сузана Симоновска во рамките на првиот циклус студии реализира повеќе задолжителни и изборни предмети. На Институтот за родови студии одржува настава по предметите: Основи на антропологијата, Антропологија на жената, Родовите аспекти во етиката, Историја на родот и полот во 20 век, Жената во масовната култура (изборен) и Репродуктивни технологии – морални импликации (изборен). На Институтот за социјална работа и политика и на Институтот за дефектологија реализира настава по изборните предмети: Етика во социјалната работа и Антропологија, а на Шумарскиот факултет во Скопје одржува настава по изборниот предмет Човек, природа и култура, заклучно со учебната 2013/14 година.

Проф. д-р Сузана Симоновска, освен на Филозофскиот факултет, во учебната 2014/2015 година е ангажирана и на Правниот факултет „„Јустинијан први" во Скопје, на Студиите за новинарство и односи со јавноста, каде што на првиот циклус студии реализира настава по

изборните предмети: Етика на новинарството и Етика на односите со јавноста.

Од учебната 2015/2016 година, д-р Сузана Симоновска реализира настава и на новиот Институт за семејни студии при Филозофскиот факултет, по изборните предмети: Антропологија на семејството и Сексуално и репродуктивно здравје.

Во рамките на вториот циклус студии на Филозофскиот факултет, проф. д-р Сузана Симоновска е вклучена во реализацијата на наставата по предметите Професионална етика (Институт за социјална работа и политика) и Културна антропологија и интеркултурализам (Интеркултурни студии). На вториот циклус студии на Правниот факултет „„Јустинијан први" во Скопје, одржува настава по предметите: Етика во односите со јавноста, Филозофија на односите со јавноста, Медиумска етика и Менаџерска етика.

Од учебната 2015/2016 година, проф. д-р Сузана Симоновска реализира настава и на третиот циклус студии на Филозофскиот факултет, по предметот Научноистражувачка етика со примена и примери во подрачјето на социјалната политика и социјалната работа (докторски студии по општествени науки од полето на социјална работа и социјална политика).

Проф. д-р Сузана Симоновска учествува во интернационалниот курс организиран од страна на Rutgers Netherlands, за подготовка на курикулуми од областа на сексуалното и репродуктивното здравје.

Во рамките на наставно-образовната дејност, проф. д-р Симоновска била менторка и член на голем број комисии за оцена и одбрана на дипломски трудови, член на комисија за оцена и одбрана на еден магистерски труд, а се јавува и како рецензентка на еден универзитетски учебник (*Феминистичка епистемологија* од м-р Боби Бадарески). За потребите на наставата на првиот циклус студии има подготвено пакет материјали за предметите: Историја на родот и полот во 20 век, Жената во масовната култура и Антропологија на семејството.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, проф. д-р Сузана Симонвска остварила вкупно 125,562 поени од наставно-образовната дејност и го надминала минималниот потребен број на поени (20) по овој основ за избор во звањето редовен професор.

### 3. Научноистражувачка дејност

Според доставените документи, во периодот од изборот во звањето редовен професор, д-р Сузана Симоновска била менторка на два докторски труда, од кои едниот тематски е ситуиран во доменот на етиката и родот, а другиот во областа на професионалната етика во социјалната работа.

Симоновска учествувала во реализирањето на пет научноистражувачки проекти: како член во тимот на проектот за превод на петтомната едиција „Историја на жените", иницирал од Институтот за родови студии, финансиски поддржан од ФООМ и Фондацијата „Фридрих Еберт"; како обучувач во меѓународниот проект *„Roma women political awereness scholl",* поддржан од „Global Fund for Women"; како член на Работната група за унапредување на соработката со академската јавност и унапредување на наставните програми во рамките на проектот „Сеопфатно сексуално образование", национален проект инициран од ХЕРА; како член на меѓународниот проект „Феминистичка етика: пролегомена за реалистичка дискурзивна теорија на феминистичкиот морал", под покровителство на проф. д-р Аксел Хонет (Универзитет Јохан Волфган Гете- Франкфурт/ Универзитет Колумбија/Њујорк); и како консултантка во рамките на проектот „Младите луѓе и младите со попреченост во Македонија, имаат пристап до сеопфатно сексуално образование", инициран од ХЕРА.

Проф. д-р Сузана Симоновска се јавува како авторка и коавторка на поголем број трудови (14), објавени во национални и меѓународни научно-стручни списанија и зборници на трудови. Од нив, шест труда се објавени во меѓународни научно-стручни списанија, два се објавени во национални зборници на трудови и шест труда се објавени во меѓународни зборници.

Трудовите на д-р Сузана Симоновска се посветени на различни аспекти од доменот на родовата проблематика, сексуалното и репродуктивно здравје и права, сексуалното образование и квалитетот на живот. Трудовите се втемелени врз соодветна научна методологија, се одликуваат со јасност и прецизност, и придонесуваат во збогатувањето на корпусот трудови од областа на родовите студии и сексуалното образование. Притоа, не изостанува ни успешниот обид на Симоновска да даде свој придонес во изнаоѓањето соодветни решенија за одредени проблеми.

Различните прашања и дилеми поврзани со родовите разлики, потребата од воведување на сексуалното образование и подобрувањето на квалитетот на живот, д-р Сузана Симоновска ги актуализира и со своето активно учество на национални и меѓународни научностручни собири. На

научно-стручниот собир *Консултации за образование за сексуално и репродуктивно здравје,* одржан на Филозофскиот факултет во Скопје (28 октомври 2016), Симоновка одржала секциско предавање на тема „Што друго, освен за здравје, треба да се дискутира на часовите по сексуално образование"; на регионалната конференција *Детето во фокусот - потребата за воведување на заедничко родителство по развод во Македонија и влијанието на овој концепт врз остварувањето на правата на детето,* одржана во хотел „Континентал„ (21 март 2017) во Скопје, настапила како панелистка со предавање на тема „Концептот на заедничко родителство и родовата еднаквост". Проф. д-р Сузана Симоновска се пројавува и со секциски предавања на единаесет меѓународни научно-стручни собири, одржани во Сараево, Охрид, Загреб, Игало, Банско и Скопје.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, проф. д-р Сузана Симоновска остварила вкупно 103,2 поени од научноистражувачката дејност и со тоа повеќекратно го надминала минималниот потребен број од 20 поени по овој основ за избор во звањето редовен професор.

**4. Стручно-апликативна дејност**

Проф. д-р Сузана Симоновска пројавила повеќе активности во доменот на стручно-апликативната дејност. Била учесник во тимот за подготовка на елаборат за изработка на студиската програма за семејни студии. Од основањето на Институтот за родови студии во 2008 година, па сè до 2014 година, проф. д-р Сузана Симоновска ја извршувала функцијата координаторка за ЕКТС.

На Филозофскиот факултет во Скопје, таа била член на повеќе факултетски комисии: Комисија за еквиваленции и студентска мобилност на прв и втор циклус студии на Филозофскиот факултет (2013-2015), Поткомисија за евалуација на студиски програми на Филозофскиот факултет од 2015 година, Центарот за кариера на Филозофскиот факултет (2016-2017) и во два мандата, таа е член на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филозофскиот факултет (2011-2015; 2016-2020). Исто така, Симоновска била член на Комисијата за избор на наставник во насловно звање- вонреден професор за научната област: планирање на

семејството (2016), и на Комисијата за избор на наставник во сите звања за научната област (дисциплина): етика (2017).

Во 2013 година, проф. д-р Сузана Симоновска била член на Програмскиот одбор на меѓународната научна конференција „Родовата рамноправност и родовата перспектива во одбраната и безбедноста", организирана од страна на Министерството за одбрана на Р Македонија.

Проф. д-р Сузана Симоновска учествува во консултативниот процес на подготовка на Национален акциски план за Отворено владино партнерство (2016-2018) и во изработката на Стратегијата за родова еднаквост на град Скопје со Акциски план (2016-2021).

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, проф. д-р Сузана Симоновска остварила вкупно 15,4 поени од научноистражувачката дејност од стручно -апликативната дејност и го надминала минималниот потребен број поени по овој основ за избор во звањето редовен професор.

**Оценка од самоевалуација**

Проф. д-р Сузана Симоновска добила највисока позитивна оценка од анонимно спроведените анкети со студентите од Филозофскиот факултет во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на документацијата за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативна дејност, Комисијата оценува дека проф. д-р Сузана Симоновска манифестира висока научна компетентност и развиеност, како и исклучителна педагошка одговорност и креативност. Нејзината долгогодишна ангажираност и посветеност во научно-педагошката дејност ја афирмираат како експерт во областите во кои е профилирана како стручњак од највисоко ниво.

Поради истакнатите научни, педагошки и истражувачки квалитети на проф. д-р Сузана Симоновска, Комисијата со задоволство констатира дека кандидатката во целост ги исполнува условите и критериумите наведени во конкурсот и Правилникот за критериумите и постапката воизбор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Членовите на Рецензентската комисија имаат чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложат да ја избере проф. д-р Сузана Симоновска во звањето редовен професор за научните области (дисциплини): историја на родот и полот, етика, Ссоцијална антропологија и културна антропологија.

Комисија

1. Проф. д-р Денко Скаловски с.р.

2. Проф. д-р Владимир Давчев с.р.

3. Проф. д-р Антоанела Петковска с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Сузана Кирило Симоновска**

**Институција:** **Филозофски факултет - Скопје, Институт за родови студии**

**Научна област:** **Историја на родот и полот, Етика, Социјална антропологија,**

**Културна антропологија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од I циклус студии** | |
| 1. | **2012/2013 зимски семестар:**<br>основи на антропологијата (Институт за родови студии) (3+0); родовите аспекти во етиката (Институт за родови студии) (4+0); жената во масовната култура (Институт за родови студии) (2+0); антропологија (Институт за дефектологија (3+0); човек, природа култура (Шумарски факултет ) (2+0);<br>Вкупно 14 часа*15 недели *0,04 =8,4 | **8,4** |
| 2. | **2012/2013 летен семестар:**<br>антропологија на жената (Институт за родови студии) (4+0); историја на родот и полот во 20 век (Институт за родови студии) (4+0); репродуктивни технологии – морални импликации (Институт за родови студии) (2+0); етика на | **8,4** |

| | | |
|---|---|---|
| | социјалната работа (Институт за социјална работа и политика) (3+0;)визуелна култура и родот (1+0)<br><br>Вкупно 14 часа*15 недели *0,04 =8,4 | |
| 3. | **2013/2014 зимски семестар:**<br><br>родовите аспекти во етиката (Институт за родови студии) (4+0); жената во масовната култура(Институт за родови студии) (2+0);човек, природа култура (Шумарски факултет) ( 2+0);<br><br>Вкупно 8 часа *15 недели *0,04 = 4,8 | **4,8** |
| 4. | **2013/2014 летен семестар**:<br><br>историја на родот и полот во 20 век (Институт за родови студии) (4+0); репродуктивни технологии – морални импликации (Институт за родови студии) (2+0); визуелна култура и родот (1+0)<br><br>Вкупно 7 часа*15 недели *0,04 = 4,2 | **4,2** |
| 5. | **2014/2015 зимски семестар**:<br><br>родовите аспекти во етиката (Институт за родови студии) (4+0); жената во масовната култура(Институт за родови студии) (2+0); човек, природа култура (Шумарски факултет) ( 2+0);<br><br>Вкупно 8 часа *15 недели *0,04 = 4,8 | **4,8** |
| 6. | **2014/2015 летен семестар:**<br><br>историја на родот и полот во 20 век (Институт за родови студии) (4+0); репродуктивни технологии – морални импликации (Институт за родови студии) (2+0); репродуктивни технологии – морални импликации (Институт за филозофија) (2+0); етика на односите со јавност (Прве факултет) (2+0)<br><br>Вкупно 10 часа *15 недели *0,04 = 6 | **6** |
| 7 | **2015/2016 зимски семестар**:<br><br>родовите аспекти во етиката (Институт за родови студии) (4+0) жената во масовната култура(Институт за родови студии) (2+0); репродуктивни технологии – морални импликации (Институт за филозофија) (2+0); етика на односите со јавност (Прве факултет) (2+0)<br><br>Вкупно 10 часа *15 недели *0,04 = 6 | **6** |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | **2015/2016 летен семестар**:<br><br>репродуктивни технологии – морални импликации (Институт за родови студии) (2+0); антропологија на семејството (Институт за семејни студии) (2+0); жената во мас културата (Институт за филозофија) (2+0), етика (УКИМ) (4+0); етика на новинарството (Правен Факултет) (2+0)<br><br>Вкупно 12 часа *15 недели *0,04 = 6 | **7,2** |
| 9 | **2016/2017 зимски семестар**:<br><br>антропологија на семејството (Изборен од листа на ФЗФ) (2+0); етика (УКИМ) (2+0); репродуктивни технологии – морални импликации (Институт за филозофија) (2+0); етика на новинарството (Правен Факултет) (2+0);<br><br>Вкупно 8 часа *15 недели *0,04 = 4,8 | **4,8** |
| 10. | **2016/2017 летен семестар**:<br><br>антропологија на семејството (Институт за семејни односи) (2+0); етика (УКИМ) (2+0); сексуално и репродуктивно здравје (Институт за семејни односи) (2+0); етика на односите со јавност (Првен факултет) (2+0)<br><br>Вкупно 8 часа *15 недели *0,04 = 4,8 | **4,8** |
| | **Одржување настава од втор циклус студии** | |
| 11. | **2012/2013 летен семестар**<br><br>професионална етика (Институт за социјална работа и политика) 1 студент -5часа менторски*0,05 =0,25 | **0,25** |
| 12. | **2013/14 летен семестар**<br><br>културна антропологија и интеркултурализам (Интеркултурни студии) 15 часа менторски*0,05 = 0,75 | **0,75** |
| 13. | **2014/15 зимски семестар**<br><br>етика во односите со јавноста (Правен факултет) 15 часа менторски*0,05 = 0,75<br><br>филозофија на односи со јавноста (Правен факултет) 15 часа менторски*0,05 = 0,75<br><br>медиумска етика(Правен факултет) -10 часа менторски*0,05 =0,5 | **2** |
| 14. | **2015/16 зимски семестар** | **1,25** |

| | | |
|---|---|---|
| | етика во односите со јавноста (Правен факултет) 20 часа менторски*0,05 = 1<br><br>филозофија на односите со јавноста (Правен факултет) 1 студент -5часа менторски*0,05 =0,25 | |
| 15. | **2015/16 летен семестар**<br><br>менанџерска етика (Правен факултет) 15 часа менторски*0,05 = 0,75 | **0,75** |
| | **Одржување настава од трет циклус студии** | |
| 16. | **2015/16 зимски семестар**<br><br>научно-истражувачка етика со примена и примери во подрачјето на социјалната политика и социјалната работа (докторски студии по оппттествени науки од полето на социјална работа и социјална политика) 4 студенти со Вкупно часови 21*0,06 =1,26 | **1,26** |
| | **Настава во летни школи и работилници** | |
| 17. | Учество во интернационалниот курс „Updating the CSE curriculum of the Faculty of Philosophy of the University of St. Cyril and Methodius University", во организација на Rutgers Netherlands, одржан во Скопје, 09-13 февруари 2015. | **1** |
| | **Одржување на вежби** | |
| 18. | **2012/2013 зимски семестар**<br><br>родовите аспекти во етиката (Институт за родови студии) (0+2); жената во масовната култура(Институт за родови студии) (0+2); антропологија (Институт за дефектологија) 0+2); човек, природа култура (Шумарски факултет ) ( 0+1)<br><br>Вкупно 7 часа *15 недели *0,03 =3,15 | **3,15** |
| 19. | **2012/2013 летен семестар**<br><br>антропологија на жената (Институт за родови студии) (0+2); историја на родот и полот во 20 век (Институт за родови студии) (0+2); репродуктивни технологии – морални импликации (Институт за родови студии) (0+2);етика на соц. сабота (Институт за социјална работа и политика (0+2)<br><br>Вкупно 8 часа *15 недели *0,03 =3,6 | **3,6** |
| 20. | **2013/2014 зимски семестар**<br><br>родовите аспекти во етиката (Институт за родови студии) (0+2); жената во масовната култура(Институт за родови | **2,25** |

| | | |
|---|---|---|
| | студии) (0+2);човек, природа култура (Шумарски факултет) (0+1)<br><br>Вкупно 5 часа *15 недели *0,03 =2,25 | |
| 21. | **2013/2014 летен семестар**<br><br>историја на родот и полот во 20 век (Институт за родови студии) (0+2); репродуктивни технологии – морални импликации (Институт за родови студии) (0+2)<br><br>Вкупно 4 часа *15 недели *0,03 =1,8 | **1,8** |
| 22. | **2014/2015 зимски семестар**<br><br>родовите аспекти во етиката (Институт за родови студии) (0+2); жената во масовната култура(Институт за родови студии) (0+2);човек, природа култура (Шумарски факултет) (0+1)<br><br>Вкупно 5 часа *15 недели *0,03 =2,25 | **2,25** |
| 23. | **2014/2015 летен семестар**<br><br>репродуктивни технологии – морални импликации (Институт за родови студии) (0+2); репродуктивни технологии – морални импликации (Институт за филозофија) (0+2); етика на односите со јавност (Првен факултет)(0+2)<br><br>Вкупно 6 часа *15 недели *0,03 =2,7 | **2,7** |
| 24. | **2015/2016 зимски семестар**<br><br>жената во масовната култура(Институт за родови студии) (0+2); репродуктивни технологии – морални импликации (Институт за филозофија) (0+2)<br><br>Вкупно 4 часа *15 недели *0,03 =1,8 | **1,8** |
| 25. | **2015/2016 летен семестар**<br><br>жената во мас ултурата (Институт за филозофија) (0+2); етка на новинарството (Правен Факултет) (0+2)<br><br>Вкупно 4 часа *15 недели *0,03 =1,8 | **1,8** |
| 26. | **2016/2017 зимски семестар**<br><br>репродуктивни технологии – морални импликации (Институт за филозофија) (0+2)<br><br>Вкупно 2 часа *15 недели *0,03 =0,9 | **0,9** |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | **2016/2017 летен семестар:**<br><br>сексуално и репродуктивно здравје (Институт за семејни односи) (0+2)<br><br>Вкупно 2 часа *15 недели *0,03 =0,9 | **0,9** |
| | **Подготовка на нов предмет** | |
| 28. | Родовите аспекти во етиката: предавања и вежби (1,5)<br><br>Антропологија на семејството: предавања и вежби (1,5)<br>Сексуално и репродуктивно здравје: предавања и вежби (1,5)<br><br>Етка на односите со јавност: предавања и вежби (1,5)<br><br>Филозофија на односи со јавноста: предавања (1)<br><br>Медиумска етика: предавања (1) | **8** |
| | **Консултации со студенти** | |
| 29. | 2012/2013 зимски семестар: 292 (*0,002= 0,584)<br><br>2012/2013 летен семестар: 244 (*0,002= 0,488)<br><br>2013/2014 зимски семестар: 191 (*0,002= 0,382)<br><br>2013/2014 летен семестар: 140 (*0,002= 0,28)<br><br>2014/2015 зимски семестар: 160 (*0,002= 0,32)<br><br>2014/2015 летен семестар: 175 (*0,002= 0,35)<br><br>2015/2016 зимски семестар: 162 (*0,002= 0,324)<br><br>2015/2016 летен семестар: 911 (91 +820 УКИМ) (*0,002=1,822)<br><br>2016/2017 зимски семестар: 293 (*0,002=0,586 )<br><br>2016/2017 летен семестар: 358 (*0,002=0,716) | **5,852** |
| | **Ментор на дипломска работа** | |
| 30 | 2012 – 9<br><br>2013 - 6<br><br>2014 -17<br><br>2015 – 16<br><br>2016 – 9 | **11,8** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2017 - 2<br><br>Вкупно 59 *0,2 = 11,8 | |
| 31. | **Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд**<br><br>„Комуникација и односи со јавноста при изработка на управување со заштитно подрачје", на Шумарски факултет (Одлука бр. 0201-127VII-1, 3.12.2012) | **0,3** |
| | **Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа** | |
| 32. | 2012 – 7<br><br>2013 - 12<br><br>2014 -24<br><br>2015 – 14<br><br>2016 – 9<br><br>2017 - 2<br><br>Вкупно 68 *0,1 =6,8 | **6,8** |
| | **Рецезент на универзитетски учебник**<br><br>Феминистичка епистемологија, од м-р Боби Бадаревски, (Одлука бр. 12-741/12 од 21.9.2012 ) | 1 |
| | **Пакет материјали за одреден предмет** | 1 |
| 33 | Историја на родот и полот во 20 век<br><br>Жената во масовната култура<br><br>Антропологија на семејството | **3** |
| | **Вкупно** | **125, 562** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|

| бр. | | |
|---|---|---|
| | **Ментор на докторски дисертции** | |
| 1. | „Женските морални искуства како основа на современите етички пристапи во традиционалната западна етика", Филозофски факултет, Институт за филозофија, одбранета на 23.6.2015.<br><br>„Етичкиот профил на социјалниот работник и современите трендови во социјалната работа", Филозофски факултет, Институт за социјална работа и политика, одбранета на 29.2.2016 | **6** |
| | **Учество во научни проекти** | |
| 2. | Учесник во проектот за превод на едицијата „ Историја на жените на Западот" (пет тома), наменета како учебно помагало за студентите на Институтот за родови студии при Филозфскиот факултет во Скопје, поддржан од Филозофскиот факултет, ФИОМ и Фондацијата „Фридрих Еберт" (третиот том издаден во 2015 година) | **3** |
| 3. | Обучувач во проектот „*Roma women political awereness scholl*", *йодржан од "Global Fund for Women"* , мај/јуни 2014. | **5** |
| 4. | Учесник во националниот проект „Сеопфатно сексуално образование", инициран од ХЕРА, а поддржан од Меѓународната федерација за планирано родителство, како член на Работната група за унапредување на соработката со академската јавност и унапредување на наставните програми (2013-2014). | **3** |
| 5. | Учесник во проектот „Феминистичка етика: пролегомена за реалистичка дискурзивна теорија на феминистичкиот морал" под покровителство на проф. д-р Аксел Хонет (Универзитет Јохан Волфган Гете- Франкфурт) ; 1.6.2015-15.8. 2015 | **5** |
| 6. | Консултантка во рамките на проектот „Младите луѓе и младите со попреченост во Македонија, имаат пристап до сеопфатно сексуално образование", иницирaн од ХЕРА. 2016 | **3** |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 7. | „Родне аспекте сиромаштва", во *Кулшура и друшшвени развој,* Социолошки годишњак, број 8, Пале: Социолошко друштво Републике Српске, децембар 2013. (коавтор) | **5,4** |
| 8 | „Sexsual education and educational systm in Republic of Macedonia", in *Knowledge: International Journal* Scientific and applicative Papers, vol.8/1, 2015 (коавтор) | **5,4** |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | „Helth condition of the poor population in Republic of Macedonia", in *Knowledge: International Journal* Scientific and applicative Papers, vol.8/1, 2015 (коавтор) | **5,4** |
| 10 | „The Consequences of the Condition of Poverty in the Republic of Macedonia (demonstrated by qualitative research)", во *Социолошка ревија*, бр 1/2016, XVII, Скопје: Здружение на социолози на РМ и Институт за социологија, Филозофски факултет, 2016 (коавтор) | **5,4** |
| 11 | „Sexual Violence in Marriage and Intimate Relationship: synthetic view about Macedonia " Во: *Социолошка ревија*, бр 2/2016, XVII Скопје: Здружение на социолози наРМ и Институт за социологија, Филозофски факултет, 2016 (коавтор) | **5,4** |
| 12 | „Етиката и социјалната работа" Во: *Годишен зборник*, Волумен 62, Скопје: Филозофски факултет, 2016(коавтор) | **5,4** |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови** | |
| 13 | „Концептот на сеопфатно сексуално образование" Во: *Аспекти на сексуалност и сексуално образование*, Скопје: Филозофски факултет, ХЕРА, 2014 | **2** |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 14 | „Што друго, освен за здравје, треба да се дискутира на часовите по сексуално образование?", во *Прилози од консултациите за образование за сексуално и репродуктивно здравје*, Скопје: ХЕРА, 2016 | **2** |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 15 | „Улогата на родовото сензитивното образование во современите општествени услови ", in *Education between tradition and modernity*, том 2, Skopje: Institute of Pedagogy, Faculty of Philosophy, 2013. | **3** |
| 16. | „Reproductive health and rights in the Republic of Macedonia", in *Young Women in Post-Yugoslav Societies: Research, Practice and Policy*, Zagreb and Sarajevo: Institute for Social Research in Zagreb, Human Rights Centre, University of Sarajevo, 2014. (коавтор) | **2,7** |
| 17. | "The life Quality of Former Dependants from the "11 October" Orphange in Skopje", in: *Unapređenje kvalitete života djece I mladih*, Tuzla: Udruženje i kreativni razvoj djece i mladih, Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet Univerziteta u Tuzli , 2014 (коавтор) | **2,7** |
| 18. | "The Life Quality of the Poor Children in the Republic of Macedonia" , in: *Unapređenje kvalitete života djece I mladih*, Tuzla: Udruženje i kreativni razvoj djece i mladih, i Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet Univerziteta u Tuzli , 2014 (коавтор) | **2,7** |
| 19. | „Сексуалното и репродуктивното здравје и прва на лицата со попреченост", во *Modern aspects of special education and rehabilitation* | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| | *of persons with disabilities*, Skopje: Filozofski fakultet, Institut za defektologija, 2014. | |
| 20. | „Перцепција за квалитетот на живот кај студентите од УКИМ", во *Unapređenje kvalitete života djece i mladih*, Тузла, 2015. (коавтор) | 2,7 |
| | **Учество на научностручни собири** | |
| 21. | Секциско предавање на тема: „ Што друго, освен за здравје, треба да се дискутира на часовите по сексуално образование", *Консултации за образование за сексуално и репродуктивно здравје*, 28 октомври 2016, Филозофски факултет, Скопје | 1 |
| 22. | Панелист на тема „Концептот на заедничко родителство и родовата еднаквост", на националната конференција *Детето во фокусот-потребата за воведување на заедничко родителство по развод во Македонија и влијанието на овој концепт врз остварувањето на правата на детето*, 21 март 2017, хотел „Континентал", Скопје. | 2 |
| | **Учество на научно/стручни собири со меѓународно учество** | |
| 23. | Секциско предавање на тема: „Родне аспекте сиромаштва", на меѓународниот научен собир *Култура и друштвени развој*, 07-08 септември 2013, Пале, Сараево | 2 |
| 24. | Секциско предавање на тема:„Сексуалното и репродуктивното здравје и прва на лицата со попреченост", на меѓународниот научен собир *Современи аспекти на специјалната едукација и рехабилитација на лица со инвалидност* , 17-19 октомври 2013, Охрид | 2 |
| 25. | Секциско предавање на тема:„Репродуктивно здравље и права у Републици Македонији" , на меѓународниот научен собир „Младе жене и родна равноправност у постјугословенским друштвама", 26-27 ноември 2013, Загреб, Хрватска | 2 |
| 26. | Секциско предавање на тема:„The Life Quality of Former Dependants from the "11 October" Orphange in Skopje", на меѓународниот научен-стручен собир *Unapređenje kvalitete života djece i mladih*, 21-22 juni, 2014, Igalo, Crna Gora. | 2 |
| 27. | Секциско предавање на тема:„The Life Quality of the Poor Children in the Republic of Macedonia" на меѓународниот научен-стручен собир *Unapređenje kvalitete života djece i mladih*, 21-22 juni, 2014, Igalo, Crna Gora. | 2 |
| 28. | Секциско предавање на тема: Sexsual education and educational systm in Republic of Macedonia", на меѓународниот научен-стручен собир *Knowledge – capital of the future: knowledge for health*, 17-19 April, 2015. Bansko, R. Bulgaria | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 29. | Секциско предавање на тема:„Helth condition of the poor population in Republic of Macedonia“, на меѓународниот научен-стручен собир *Knowledge – capital of the future: knowledge for health*, 17-19 April, 2015. Bansko, R. Bulgaria | **2** |
| 30. | Секциско предавање на тема:„Sexual Violence in Marriage and Intimate Relationship“ на меѓународниот научен-стручен собир *Facing social traumas: A Challenge for Sociological Research*, 23-24 April, 2015, Skopje | **2** |
| 31. | Секциско предавање на тема:„Consequences of the Condition of Poverty in the Republic of Macedonia (show trough qualitative research)“, на меѓународниот научен-стручен собир *Facing social traumas: A Challenge for Sociological Research*, 23-24 April, 2015, Skopje | **2** |
| 32. | Секциско предавање на тема:„Перцепција за квалитетот на живот кај студентите од УКИМ“, на меѓународниот научен-стручен собир *Unapređenje kvalitete života djece i mladih*, 19-21 juni, 2015, Ohrid, R. Makedonija | **2** |
| 33. | Секциско предавање на тема:„High education in the Balkans and the inclusion of woman”, на меѓународниот научен-стручен собир *Pedagogy in a Modern Global Society*, 19-21 septemvri, 2016, Ohrid, R. Makedonija | **2** |
| | **Вкупно** | **103,2** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во тимот за подготовка на елаборат за изработка на студиска програма за основање на семејни студии при Филозофскиот факултет (2013) | **1** |
| 2. | Координатор на ЕКТС на Институтот за родови студии при Филозофскиот факултет (2012-2013) | **1** |
| 3. | Координатор од Институтот за родови студии за организација на Вечерите на женски права, под покровителство на Град Скопје и во соработка со UN Women, Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА и Институтот за родови студии (2013; 2014) | **2** |
| 4. | Член на Редакциски одбор на Годишниот зборник на Филозофскиот факултет ( 2011-2015; 2016-2020) | **1** |
| 5. | Член на програмски одбор за организација на меѓународна конференција „Родовата рамноправност и родовата перспектива во | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| | одбраната и безбедноста", од страна на Министерството за одбрана, РМ (23-24.4.2013) | |
| 6. | Член на Комисија за еквиваленции и студентска мобилност на прв и втор циклус студии на Филозофскиот факултет (2013-2015). | 0,5 |
| 7. | Член на Поткомисија за евалуација на студиски програми на Филозофски факултет (28.1.2015) | 0,5 |
| 8. | Член на Центарот за кариера на Филозофскиот факултет (2016-2017) | 0,5 |
| 9. | Член на Комисија за избор во насловно звање -вонреден професор на д-р Мирјана Ќаева Пејковска (1.12.2016) | 0,2 |
| 10. | Член на Комисија за избор во звање на д-р Дејан Донев (1.2.2017) | 0,2 |
| 11. | Член на ХЕРА (од 2013) | 0,5 |
| 12. | Член на советодавното тело на Центарот на Роми на град Скопје (ЦРС) (2013) | 0,5 |
| 13. | Член на Филозофското друштво на Македонија | 0,5 |
| 14. | Учество во консултативниот процес за подготовка на Национален акциски план за Отворено владино партнерство (2016-2018) | 3 |
| 15. | Учество во изработката на Стратегијата за родова еднаквост на град Скопје и Акциски план (2016-2021) | 3 |
| | **Вкупно** | **15,4** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **125,312** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **103,2** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **15,4** |
| **Вкупно** | **244,162** |

Комисија

1. Проф. д-р Денко Скаловски с. р.

2. Проф. д-р Владимир Давчев с. р.

3. Проф. д-р Антоанела Петковска с. р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 02-1614/17
Датум: 02-07-2018 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 218 од од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Укажувањето од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.02-630/15 од 29. V 2018 година и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофски факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274/2013 – пречистен текст), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на XI седницата одржана на 27.VI 2018 год., ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за стекнување на звањето редовен професор доживотно**

1. **проф. д-р Сузана Симоновска,** редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Филозофски факултет избран/а во наставно-научните области (дисциплини): историја на родот и полот, под број 60517 (друго), етика, социјална антропологија, културна антропологија, на 27.VI 2018 година го стекнува звањето **редовен професор доживотно**.

2. Со денот на стекнување на звањето редовен професор доживотно, во наставно-научните области (дисциплини): историја на родот и полот, под број 60517 (друго), етика, социјална антропологија, културна антропологија проф. д-р Сузана Симоновска заснова работен однос на неопределено време со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Филозофски факултет.

**О б р а з л о ж е н и е**

Д-р Сузана Симоновска, редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје –*Филозофски факултет* на 6.XI 2017 година е избран/а во наставно-научното звање редовен професор.

Врз основа на член 218 од од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018) и Укажувањето од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.02-630/15 од 29. V 2018 година, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

4. Одлуката е доставена до: именуваната, досието, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

изработил: м-р Игор Панев
проверил: Василка Наумоска
одобрил: проф. д-р Оливер Бакрески